СОЗДАВАМЕ ИДНИНА ЗАЕДНО
НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

# Тематска анализа/дијагностика: **Просторно планирање**

## Извршно резиме

Улогата на просторното планирање е промоција на долгорочен и одржлив социо-економски развој, и спречување на неговото штетно влијание врз животната средина. Тоа е алатка за воспоставување на баланс помеѓу расположивиот простор, економскиот и демографскиот развој, природните и културните ресурси. Просторните планови се највисоки стратешки документи за планирање и уредување на просторот, кои задолжително се спроведуваат при изработка на просторно планска, урбанистичка, проектна и друга документација од пониско ниво. Просторното планирање е дејност од највисок јавен интерес.

Во изработката и имплементацијата на просторните планови, целокупната институционална инфраструктура во Државата има свое место, улога и одредени задачи. Најзначајни засегнати страни се Владата на РСМ, Собранието, Министерството за животна средина и просторно планирање и Агенцијата за планирање на просторот. Во изработката на плановите учествуваат и државните органи, единиците на локалната самоуправа, институции, установи и правни лица надлежни за одредени ресори кои го користат просторот за одредени активности. Освен институциите кои се дел од државниот апарат, за потребите на изработка на плановите се формираат и посебни тела кои имаат значајна улога и обврски во процесот на изработка и донесување на плановите (Координативни тела, општински комисии за урбанизам, партиципативни тела и др.).

Просторните планови воглавно се финансираат од буџетот на РСМ, но во јивното финансирање може да партиципираат или исцело да го покријат и други субјекти (Центри за развој на планските региони, ЕЛС, други правни субјекти, како и меѓународни донатори). Донесувањето на просторниот план, како највисок акт за планирање и уредување на просторот на Државата е предвидено со Уставот на Република Северна Македонија.

Просторното планирање до 2020 година беше регулирано со Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија. Со донесување на Законот за урбанистичко планирање во 2020 година, во кој не е опфатено просторното планирање, настана правен вакум и од тие причини е потребно во најскоро време да се донесе посебен закон за просторно планирање.

Просторниот план на Република Северна Македонија како највисока национална стратегија за просторен развој се разработува попатна изработка и донесување на:

- Просторнипланови на региони;
- Просторнипланови на општини,општините во Градот Скопје и Градот Скопје, као посебна единица на локалната самоуправа и
- Просторни планови за подрачја од јавен интерес за Државата.

Изработка на просторните планови, како интердисциплинарни, комплексни и сеопфатни стратешки документи, трае и по неколку години. Се изработуваат од работни и синтезни тимови, консултантни и соработници од редот на еминентни стручни лица со високи референци од областите кои ги разработуваат просторните планови. Постапката на донесување на просторните планови, во Собранието на РСМ, е исто така долготрајна и комплексна, па често се случува во периодот на донесување на планот, во просторот да настанат значајни промени со кои понекогаш се доведува во прашање актуелноста и релевантноста на планските решенија.

Клучни чинители од аспект на просторното планирање, во процесот на изработка на Националната развојна стратегија се:

- **Владата на Република Северна Македонија**, која ја води политиката на просторен развој,
- **Планските региони**, како основни фактори на регионалниот развој, и второ ниво на управување и одлучување во Државата,
- **Министерствата во Владата на Република Северна Македонија**, задолжени за одделни ресори кои се предмет на стратешкото планирање,
- **Единиците на локална самоуправа и Градот Скопје**,
- **Други релевантни институции** кои даваат сопствен придонес во креирање и спроведување на стратешките плански документи или обезбедуваат соодветна база на податоци, неопходна за изработка на плановите,
- **Научно образовните институции** како претставници на холистичкиот пристап во процесот на планирање,
- **Граѓаните на Република Северна Македонија,** кои се најобјективниот и најкритичен елемент во процесот на планирање, коректор на јавното мислење и политиката, и најдобар показател за тоа дали и колку стратегијата е добро формулирана во насока на задоволување на нивните потреби.

Улогата и значењето на Националната развојна стратегија е одособено значење поради можноста да ги обедини најзначајните аспекти, политики, насоки и одредби на секторските стратегии, да ги преиспита и на тој начин да дефинира политики и мерки со кои ќе се надминат секторските неусогласености и ќе се понудат еднозначни, јасни и конкретни мерки и политики со кои на соодветен начин ќе бидат вклучени и презентирани секторските цели, политики и интереси на сите засегнати страни и чинители во развојот и управувањето со Државата.

Податоците и информациите на кои се заснова целокупната планска постапка и се дефинираат планските решенија, се прибираат од релевантни и доверливи извори преку надлежни јавни институции и државни органи. Методологијата на прибирање и обработка на податоците е утврдена на ниво на секоја одделна институција и најчесто не обезбедува долгорочно и систематско следење и објавување на податоците поради измени во методологијата на прибирање на податоци, промени во надлежностите на институциите, административно-територијални организации на државата, преклопување на надележности помеѓу институциите, отсуство на единствена методологија и утврдени индикатори.

Во процесот на консултации со релевантните чинители на Националната развојна стратегија, добиени се квалитетни и значајни инпути за многу прашања и проблеми кои реално егзистираат во нашата Држава и за кои може да се изнајдат соодветни решенија низ процесот на просторното планирање.

Врз основа на презентираните очекувања и придобивки од просторното планирање и просторните планови како највисоки стратешки документи за уредување на просторот, искажани од чинителите, и предложените мерки за нивно постигнување, можно е креирање на предлог визија за Националната развојна стратегија во 2042 година:

*Постигнување на одржлив, балансиран просторен развој, како основа за економски просперитет, подигнување на квалитетот на живеење за сите граѓани,висок степен на заштита на животната средина, природата и културните вредности и интеграција во европскиот просторен систем.*

Националната развојa стратегија може да даде значаен придонес во промовирање на просторното планирање, како процес, наука и практика.

Во таа цел, во рамките на оваа тематска анализа се дадени две групи на препораки:

- за процесот на изработка на просторни планови и
- за процесот на спроведување на просторните планови.